РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 02.10.2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 6493 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ” бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот ***македонски јазик*** за I одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ
СО ОШТЕТЕН СЛУХ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2008 година

# 1. ВОВЕД

Наставата по предметот *македонски јазик* за ученици со оштетен слух ја дава основата на писменоста на мајчин јазик. Овој наставен предмет претставува база за стекнување знаења и од другите наставни предмети.

Практиката на воспитно-образовната работа ги вклучува следните поими: мислење-јазик-говор, како симултани и паралелни појави кои се во постојана интеракција, па оттука следува дека определен квалитет на мисловниот развој е претпоставка и за определен степен на јазичен дострел и обратно - зашто нема јасен говор без јасна мисла и нема знаење без јазик.

Учениците со оштетен слух преку оваа настава ќе се запознаат со функционирањето на системот на македонскиот стандарден јазик, а, потоа ќе ја усвојуваат и применуваат стандардно јазичната норма. Познавањето на стандардно јазичната норма на македонскиот јазик освен компетентноста - стекнатата култура на изразувањето, ќе овозможи сфаќање, доживување и толкување на различни видови текстови и содржини, а, и развивање на способноста за учење и самообразование.

Неделен, односно годишен фонд на часови:

**неделен фонд: 7 часа;**
**годишен фонд - 252 часа**

Статус на предметот: задолжителен.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД I ДО III ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

-да развива чувство за личен и социјален идентитет преку изучувањето на македонскиот литературен јазик;
-да се поттикнува правилно да го користи македонскиот литературен јазик во меѓусебното разбирање, размислување, учење и творење ;
-да се воведува кон самостојно читање и пишување со разбирање на текстот што го чита и пишува;
-да стекнува самодоверба во изразувањето на своите мисли, желби ,чувства и искуства;
-да го развива логичкото мислење преку говорењето и пишувањето;
-да ги усвојува и увежбува основните правописни правила;
-да развива способност за правилна употрба на општоприфатената стандардно - јазична норма.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да го поставува основниот ларингеален глас како база за правилна артикулација на гласовите;
- да се оспособува за правилна артикулација на гласовите на македонскиот стандарден јазик;
- да се развива способноста за правилна визуелна перцепција на говорот од устата и лицето на соговорникот;
- да ја подобрува комуникацијата со окружувањето преку внимателно аудитивно и визуелно перципирање и разбирање на говорот на соговорникот;
- да се оспособува вербално и невербално да ги изразува своите емоции;
- да се поттикнува кон откривање и користење на нови претстави и зборови;
- да се поттикнува потребата за писмено изразување;
- да се поттикнува да ја развива графомоториката;
- да се развива способноста за насочено користење на јазикот и медиумите.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **Програмско подрачје: СЛУШАЊЕ И ГОВОРЕЊЕ - АРТИКУЛАЦИЈА (ориентационо 90 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>-да се оспособи за создавање и правилно развивање на основниот ларингеален глас;<br>- да се поттикне за усвојување и правилен изговор на најмалку 20 гласа на македонскиот стандарден јазик;<br>-да се поттикнува да ги разликува и правилно да ги изговара гласовите во различна положба во зборот (иницијална, медијална и финална);<br>-да се поттикнува континуирано да ги развива говорните органи во функција на правилно дискриминирање и артикулирање на гласовите;<br>-да се оспособи за правилно и разбирливо говорење со умерено темпо и јачина на гласот;<br>-да се воведува во правилната употреба на невербалниот начин на изразување (примена на знаковен јазик);<br>-да се поттикнува кон поврзување на невербалното со вербалното изразување; | -Основен ларингеален глас<br>-Дискриминација и артикулација на гласовите<br><br>(Напомена:*Развојот на говорните органи се реализира континуирано низ сите часови за дискриминација и артикулација на гласовите)*<br><br>-Начин на говорење | А, П, Т, У, М, О, Б, Е,И, Ц, В, Д,Н, ш, Р, К, Л, Г, Ј, З, Ф, Ж<br><br>-Бавно-брзо,<br>-гласно-тивко,<br>викање,<br>шепотење.<br><br>-знаковен јазик;<br><br>(*Напомена: видовите зборови не се изучуваат според нивното значење,туку се развива осет за нивно* | -Предизвикување на основниот ларингеален глас;<br>-отстранување на неправилностите на ларингеалниот глас (пискав, рапав, назален);<br>- вежби за добивање и корекции на гласовите;<br>-вежби за функционална употреба на гласовите во сите три положби;<br>-вежби за правилно дишење преку игри ( дување балони, дување со цевка во вода и сл.);<br>-вежби за правилно држење на телото при говорењето:<br>-кажување бројалки;<br>-користење знаковен јазик, тотална метода на комуникација и стандарден македонски јазик;<br>-преку игри со слики се именуваат предметите, појавите, состојбите и лицата кои се претставени на нив; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да го богати речникот со нови зборови кои означуваат имиња на предмети, појави, дејства, состојби, лица и живи суштества;<br>-да се оспособува да разбира и користи нови зборови;<br>-да се воведува во групирањето на зборовите според нивните својства;<br>-да се мотивира да поставува и дава одговор на поставено прашање;<br>-да се поттикнува да користи и разликува различни видови реченици;<br>-да се поттикне да го користи говорот како средство за нови контакти и меѓусебно разбирање;<br>-да се поттикнува да се ослободи од чувството на страв, напнатост и несигурност во текот на разговорот;<br>-да се оспособи за воспоставување културен однос при:<br>1. Лично обраќање кон други луѓе;<br>2. Приспособување на говорот во дадена говорна ситуација;<br>3. Културно однесување со другите луѓе. | -Знаковен јазик и неговото поврзување со вербалната комуникација<br><br>- Имиња на предмети, состојби, дејства, живи суштества и лица, (лични имиња)<br><br>-Зборови кои означуваат општи поими (животни, овошје, зеленчук, сообраќај, семејство, училиштен прибор)<br><br>-Прашања и одговори<br><br>-Видови реченици<br><br>-Говорот во меѓусебното запознавање и разбирање | *користење во различни говорни ситуации)*<br><br>*-зборови од определена област;*<br><br>-Прашања, одговори.<br><br>*(Напомена: На оваа возраст акцентот се става врз практичната примена на наведените* | -толкување на непознатите зборови;<br>-игра „Лото''-извлекува слики на предмети и ги кажува нивните имиња и сл.;<br>-преку игри ги групираат зборовите околу едно заедничко својство, намена и сл. (маче, куче, крава=домашни животни и сл.);<br>-Кој каде живее (човек-куќа, птица-гнездо и др.);<br>-поставување прашања и давање одговор на претходно илустрирани приказни, случки, дејства и сл.;<br>-употреба на кратки реченици со кои се одрекува, раскажува, прашува и сл;.<br>-меѓусебно запознавање - наставниците и учениците се претставуваат кажувајќи го своето име и презиме, адреса, место на живеење и други карактеристики;<br>-вербално се изразува на пр., зборува за некој негов познат и/или омилен лик;<br>-изработка на маски и костими по сопствена идеја |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -Разговор<br><br>1.Начини на лично ораќање кон други лица во различни ситуации<br><br>2.Приспособено говорење (тивко и гласно)<br><br>3.Културно однесување со други лица | *реченици и не се инсистира на нивното име и дефиниција)*<br><br>-Запознавање:<br>1.Лично обраќање:<br>-тета,<br>-ве молам,<br>-повелете.<br><br>2.Викање, шепотење, говорење.<br><br>3.Културни изрази за:<br>-поздравување,<br>-замолување,<br>-пофалување, заблагодарување<br>-извинување. | која се користи како средство за изразување и ослободување во текот на комуникацијата;.<br>-посета на разни институции каде ученикот влегува во разновидни комуникациски ситуации (продавница, пошта, кино сала, театар, спортски терен и сл.);<br>- симулирање ситуации во кои ученикот користи културни изрази ( „На гости'' ;„Во продавница„ и сл.);<br>-вежБи: пристојно и љубезно обраќање, говорење со умерен глас, неагресивно изразување, лутина и сл. |

| Програмско подрачје: ПОДГОТОВКА ЗА ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ (ориентационо 40 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ ученичката:**<br><br>-да ги познава основните елементи на јазикот: глас, збор, реченица;<br>-да се виведува во стандардите на македонскиот литературен јазик преку воочување на неговите карактеристики;<br>-да ги координира движењата ангажирани при пишувањето (одржување на правецот при пишувањето, усогласено пишување на елементите по големина, еднаков притисок со моливот врз хартијата);<br>-да се стимулира да воспостави координација око-рака;<br>-да се оспособи визуелно да ги препознава големите и малите печатни букви од македонското кирилско писмо, да ги пишува и поврзува во зборови и кратки реченици;<br>-да се оспособи за визуелно препознавање „читање'' на цели (најфреквентни) зборови;<br>-да се запознае со различните материјали и прибор за пишување (хартија, молив и сл.);<br>-да се оспособи визуелно или аудитивно | -Глас, збор , реченица<br><br>-Координираност на движењата при пишувањето<br><br>-Координација око-рака<br><br>-Препознавање на големите и малите букви<br><br>-Препознавање на цели зборови.<br><br>-Материјали и средства за пишување<br><br>(*Напомена:* | -Глас,<br>-збор,<br>-реченица.<br><br>(*Напомена: на оваа возраст учениците не треба да ги совладаат дефинициите за гласот, зборот и реченицата, туку да умеат да ги препознаваат, именуваат и практикуваат*)<br><br>-Пишување во правец од лево кон десно и од горе кон долу<br><br>-Големи и мали букви | -Преку аналитичко-синтетички вежби се формира претстава за гласот како дел од зборот;<br>- осознавање на зборот како дел од реченицата;<br>- црта прави, коси, испрекинати линии како делови од предмети, објекти и сл. со кои се вежба координацијата на раката;<br>-пишување на елементи на буквите;<br>-пишува големи и мали букви и истите ги поврзува во зборови;<br>-активности во кои поврзуваат име на предмет со неговата почетна буква;<br>-го поврзуваат и покажуваат симболот на одреден глас (буква) во имињата на предметите кои се запишани под соодветната слика и сл.;<br>-чита зборови кои често ги среќава во секојдневниот живот;<br>-вежби за читање на краток текст со разбирање на истиот;<br>-вежби за пресликување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| (доколку има слушни остатоци) перципираните зборови да ги напише. | *Материјалите и средствата за пишување се препорачува да се работат интегрирано со соодветната содржина од наставниот предмет ЗО)*<br><br>-Пишување | -Хартија,<br>-табла,<br>-молив,<br>-боици,<br>-пенкало,<br>-креда. | текст;<br>-допишува испуштена буква во даден збор и/или испуштен збор во реченицата. |

| **Програмско подрачје: ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ (ориентационо 32 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>-да се поттикнува усно да се изразува со целосна реченица при опишувањето на битните својства на набљудувани предмети, суштества и појави;<br>-да се оспособи за правилна употреба на конвенционалниот говор;<br>-да се оспособува да прераскажува кратки текстови;<br>-да се поттикнува самостојно да опишува одредени појави, ситуации и сл.;<br>-да се оспособи за раскажување настани по сеќавање;<br>-да се оспособува самостојно да пишува зборови и да составува реченици по дадени слики. | -Усно изразување<br>-Опишување<br>-Раскажување<br>-Писмено изразување | Прераскажување, раскажување, опишување. | -Активности во кои учениците:<br>-прераскажуваат приказни, гледани претстави и сл.;<br>-опишуваат предмети, појави и лица од непосредната околина;<br>-раскажуваат лични доживувања, искуства и сл.;<br>-вежби за самостојно пишување кратки реченици според дадени слики. |

| **Програмско подрачје: ЛИТЕРАТУРА (ориентационо 60 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>-да се запознае со литературата за деца;<br>-да се оспособи за разбирање и доживување на содржината и | -Приказна<br>-Басна<br>-Бајка<br>-Стихотворба | -Приказна,<br>-басна,<br>-бајка,<br>-стихотворба,<br>-кус драмски | -Се обработуваат: приказни, басни, бајки, секвенци од куси драмски текстови за деца;<br>-самостојно прераскажува текстови од литературата за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| пораката на литературните творби;<br>-да се оспособи за откривање и доживување на елементите на литературните творби<br>(простор, време, настани и ликови);<br>-да се запознае со детската поезија и да го развива помнењето преку интерпретација на стихотворба;<br>-да го открива значењето на сликовниците, книгите, енциколопедиите и другите литературни творби како извори на знаења. | -Кус драмски текст за деца<br><br>-Содржина на литературна творба<br><br>-Сликовница<br>-Книга за деца<br>-Енциклопедии за деца | текст за деца.<br><br>Простор на случувањето,<br>-време на случувањето,<br>-тек и редослед на настаните<br>-ликови.<br><br><br>-Стихотворба,<br>-сликовница,<br>-книга. | деца;<br>-Наставникот раскажува приказна за која потоа води разговор (каде, кога и што се случува, кои се ликовите и др.);<br>-прераскажуваат приказна што ја слушнале од возрасните;<br>-прераскажуваат за претстава која ја гледале, зборуваат за главните ликови, редоследот на случувањата;<br>- интерпретација на кратка стихотворба;<br>-разгледување сликовници, книги и енциклопедии за деца;<br>-разговор за значењето на книгите. |

**Програмско подрачје: МЕДИУМСКА КУЛТУРА (ориентационо 30 часа)**

| ЦЕЛИ | СОДРЖИНИ | ПОИМИ | АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>-да се запознае со различните видови телевизиски емисии;<br>-да се запознае со видовите анимирани филмови (куклен и цртан);<br>-да се запознае со филмот и сериите за деца;<br>-да се запознае со улогата на библиотеката и да развива интерес за користење на библиотечниот фонд;<br>-да се запознае со детските списанија. | -Телевизиска емисија<br><br>-Анимиран филм (куклен и цртан)<br><br>-Филм за деца<br>-Серија за деца<br><br>-Библиотека<br><br>-Списание за деца | -ТВ-емисија за деца.<br>-ТВ-анимиран филм.<br>-ТВ-вести;<br>-ТВ-реклами и сл.<br><br>-Анимиран филм (куклен и цртан).<br><br>-Филм за деца,<br>-серија за деца.<br><br>-Библиотека,<br>-списание за деца. | - Активности во кои учениците се запознаваат и ги разликуваат ТВ-емисиите;<br>-гледаат анимирани (куклени и цртани) филмови и разговараат за нив;<br>-следи филм и серија за деца и разговара за нив;<br>-посета на училишната библиотека и разговор за начинот на нејзиното користење;<br>-разгледување и обработка на текст од списание за деца;<br>-самостојни активности: разгледување, сечење, лепење и артикулирање. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини од предметот македонски јазик даваат можност за поврзување со сите предмети кои се изучуваат во прво одделение.

Бројот на часовите е даден ориентационо.При реализирањето на наставната програма се дава можност за индивидуално планирање и реализација на содржините, земајќи ги предвид потребите и интересите на учениците и нивните индивидуални способности.

Со користење на аналитичко-синтетичкиот метод се обработуваат гласовите, кои секогаш се вклучени во осмислена јазичка структура.

При обработката на гласовите и буквите се почитува артикулацискиот статус на учениците.

Наставникот треба да планира и реализира индивидуални и/или групни вежби со учениците.

Вежби на органите за дишење-ги развиваат органите за дишење и овозможуваат економично користење на воздушната струја при говорот (дување на свеќа поставена на различни далечини се додека не угасне, дување во вода и создавање бранови, дување во спирометар, вежби за вдишување и издишување на нос и уста со и без пауза, вежби на вниманието и др.

> **Наставни средства:**
- сликовници;
- енциклопедии, речници , одобрени списанија за деца и сл.;
- аудио-визуелни средства;
- Интернет, образовни софтвери;
- други извори на учење од непосредната околина.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл.

Начин на проверување и оценување:

**описно оценување**:

- опсервација на ученикот;

- разговор (тотална метода на комуникациај) како начин на изразување;
- мотивација, интерес, активности, соработка, почитување на другите;
- водење на развојно и аналитичко портфолио за секој ученик;
- користење на евидентни и чек листи, анегдотски белеШки, студии на случај;
- детски изработки поединечи, групни.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Просторните услови за реализирање на наставната програма по македонски јазик се во согласност со Нормативот за материјална и просторна опременост донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во прво одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- Дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ДОНЕСЕНА НА 21. О6. 2007 ГОДИНА СО РЕШЕНИЕ БР. 10-1009/2, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ ЈА АДАПТИРАШЕ КОМИСИЈАТА ВО СОСТАВ:

1. Марија Симонова, советник за посебно образование, БРО - Скопје
2. Живка Јордановска, директор на Институтот за слух, говор и глас - Скопје

## 10. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по македонски јазик за прво одделение во деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-1958/1
02.10 2008 год.
СКОПЈЕ

---------------------------------------------

Перо Стојановски,
министер за образование и наука

Скопје ____________________________